ИЗДАНИЕ 1

ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2023 ГОДИНА

ДОБРЕДОЈДОВТЕ ВО НАШИОТ

# ПРИПЕР ПРОЕКТ

## Билтен бр. 1



Припер приказната е приказна за поттикнување одржлив туризам и зелени работни места за младите што четири општини и пет организации од Турција, Грција, Италија и С. Македонија ја започнаа во 2023 година. Припер е 36-месечно партнерство за соработка, кое е ко-финансирано од Европската Унија преку Еразмус+ програмата и Турската национална агенција.

**ПРОМОВИРАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И УЧЕЊЕ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ** *(2023-2025)*

Funded by
the European Union



# АКТИВНОСТИ

## КИК-ОФ СОСТАНОК НА ПАРТНЕРИТЕ

**Атина, Грција** - На 3-ти и 4-ти април 2023 година, партнерството го одржа првиот состанок на партнерите лице в лице. Состанокот беше одлична можност партнерите да се соберат на едно место и да разговараат за целите на проектот, предвидените активности и одговорности. Ова беше исто така одлична можност да се споделат различни мислења за одржливиот туризам, можностите за учење на младите и општините, вклучително и за стратегијата за ангажман на младите и општините.

## ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ ВО ЧЕТИРИТЕ ДРЖАВИ - УЧЕСНИЧКИ

Во текот на април - јуни 2023 година, партнерите беа фокусирани на спроведување на национално истражување во нивните земји. Истражувачките активности имаа за цел да го покажат знаењето на младите и разбирањето на зелените вештини и зелените работни места, перцепциите за одржливите туристички практики во Турција, Грција, Италија и Македонија, вклучувајќи ги релевантните еколошки и туристички политики и препораки за политики од експерти, општински вработени и други.

## ПОДГОТОВКА ЗА КО-КРЕАТИВНИТЕ РАБОТИЛНИЦИ

Во овој временски период, партнерите презедоа иницијатива за воспоставување првична комуникација со младите; експертите во секторот туризам, животна средина и одржливост; вработените во општините и претставниците на туристичката индустрија. Главна цел на овие активности беше да се подготви теренот за организирање на локални сесии за дискусија, од кои, финален резултат ќе биде транснационален извештај со конкретни студии на случај, како и програма за обука за општините, младите и професионалците во секторот туризам.

## ПАРТНЕРИ

Општина Ушак
**Турција**

Општина Селци
**Италија**

Општина Метаморфози
**Грција**

Општина Кочани
**С. Македонија**

Здружение за одржлив развој
**Турција**

Системска динамика Италијанско поглавје
**Италија**

Симплексис
**Грција**

LATRA Innovation Lab
**Грција**

Еко Логик
**С. Македонија**